РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

MQS Partner of Quality Austria

Бр./Nr 12-1894/7

17-11-2020 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Државната комисија за спречување на корупција, врз основа на членот 22 и членот 23 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.12/19,), и член 40 и 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава доставена од подносителот ------------------------, на продолжението на 41-та седница одржана на 12.11.2020 година ја донесе следната

# ОДЛУКА

**СЕ ЗАПИРА** постапката по предметот со број 12-5755/1 од 24.12.2019 година оформен по пријавата поднесена од подносителот Здружение на ловци "СОКОЛ"-Битола.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за нејзино натамошно постапување во предметот со број 12-5755/1 од 24.12.2019 година од причина што наводите не се потврдени.

Предметот да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави Одлуката со образложението.

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Предметот со број 12- 5755/1 од 24.12.2019 година е оформен врз основа на добиена пријава од подносителот ----------------------------.

Во пријавата се укажува на наводи за незаконитости сторени од ------------------------------ во судската постапка по предметот со број ГЖ 2196/19, каде тужен било ------------------------------ и донеле незаконита Пресуда.

ДКСК имаше сознанија дека --------------------- поднело Кривична пријава против ---------------------и други судии на Апелациониот суд Битола за сомневање за сторено кривично дело Злоупотреба на службена положба и овластување од членот 353 ст. 1 вв член 22 од Кривичниот законик поради донесување на незаконита Пресуда во предметот ГЖ 2196/19, која била поднесена до Јавниот обвинител на Р.Северна Македонија и истата била препратена до Судскиот совет на Р.Северна Македонија во месец декември 2019 година.

Оттаму, во насока на утврдување на фактичката состојба и проверка на наводите во конкретниот предмет, ДКСК со Барање за прибирање податоци и информации со број 12-1894/2 од 07.05.2020 година побара од Судскиот совет на Р.Северна Македонија да биде известена дали Советот постапил по Кривичната пријава против ------------------- и други судии на Апелациониот суд Битола за сомневање за сторено кривично дело Злоупотреба на службена положба и овластување од членот 353 ст. 1 вв член 22

од Кривичниот законик поради донесување на незаконита Пресуда во предметот ГЖ 2196/19 и кои се резултатите од постапувањето по истата. Исто така, ДКСК со Барање за прибирање податоци и информации со број 12-1894/1 од 07.05.2020 година побара информации и од Јавното обвинителство на Република Северна Македонија за тоа дали Обвинителството постапувало по гореспомената Кривична пријава и кои се резултатите од постапувањето по истата.

Во законски утврдениот рок беше доставен одговор од Судскиот совет на Р.Северна Македонија со кој беше побарано од Советот согласно Законот за постапување по претставки и предлози да се достави во прилог претставката до Советот како надлежен орган, а со цел да може по однос на истата да се преземат дејствија од надлежност на Советот. ДКСК постапи по барањето на Советот и со допис со број 12-1894/4 од 03.06.2020 година ја достави во копие претставката со прилог документацијата на надлежно постапување на Судскиот совет.

Во законски утврдениот рок беше доставен одговор од Судскиот совет на Р.Северна Македонија по однос на наводите вои пријавата/ претставката.

При разгледување на предметниот случај, ДКСК ги зема во предвид предметните наводи и по извршените проверки го утврди следното:

Судскиот совет на Р.Северна Македонија постапил по доставената претставка, ги преземал потребните дејствија за проверка на наводите изнесени во претставката и на седница одржана на 29.09.2020 година ја разгледал претставката, за што го известил подносителот со Известување со УПП бр. 08-221/20.

Имено, по тужба на тужителот --------------------- поднесена против тужениот ---------------------------- за надомест на материјална штета, вредност од 76.639,00 ден, била донесена Пресуда од Основниот суд Битола МАЛВП бр. 281/2019 од 19.09.2019 год. со која делумно било усвоено тужбеното барање на тужителот и бил задолжен тужениот на име на надомест на материјална штета да му исплати на тужителот износ од 76.639,00 ден., како и да ги надомести трошоците на постапката во износ од 41.420.00 ден. По жалба на тужениот со Пресуда на Апелациониот суд Битола ГЖ 2196/19 од 12.11.2019 година била потврдена Пресудата на Основниот суд Битола. Ваквите пресуди на првостепениот и второстепениот суд се засновани на член 66 и 69 од Законот за ловство во кои е пропишано дека штета од дивеч е штета што дивечот може да ја направи врз земјоделските култури, водите, добитокот, шумите, дивечот, луѓето и објектите. Со оглед дека штетниот настан се случил во време на ловна сезона, на територијата на ловиштето со кое стопанисува тужениот, согласно наведената одредба истиот е должен да ја надомести штетата причинета од дивеч односно во конкретниот случај од дива свиња под заштита во висина утврдена со вештачење во текот на постапката. Неосновани се наводите во претставката дека концесијата била добиена само за лов на ситен дивеч, а не и за лов на диви свињи. Тоа што согласно член 31 став 1 и 2 од Законот за ловство, површината на ловиштето е поделена на ловна и неловна површина, не значи дека концесионерот не одговора за штета причинета од дивеч од тоа ловиште врз возило во рамките на самото ловиште во смисла на гореспомената одредба од членот 66 и 69 од Законот за ловство. Според тоа, во конкретниот случај, и фактичката состојба е правилно и целосно утврдена, а и материјалното право е правилно применето, така што нема елементи за нестручно и несовесно постапува од страна на судиите во конкретниот случај.

Врз основа на погоре утврдената фактичка состојба, ДКСК констатира дека во конкретниот случај постапил надлежен орган (Судски совет на РСМ) кој во рамките на своите законски надлежности ја утврдил фактичката состојба, при што не констатирал нестручно и несовесно постапување од страна на судиите во овој случај и за своите констатации го известил подносителот на претставката. Оттаму ДКСК заклучи дека наводите не се потврдени и нема елементи за нејзино натамошно постапување во предметиот случај и предметот да се затвори и архивира. Имајќи го предвид погоре наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Изработил: м-р И.П
Одобрил: Г.Т., член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**